

# ДАР
## за тебе

Телефонскиот повик – повик кој сите го очекувале со страв, но и со надеж – се случил во два часот по полноќ. „Имаме срце за Драган“, рекол гласот. Сите се надевале на овој повик, бидејќи дванаесетгодишниот Драган одамна бил на листата за чекање за трансплантација на срцето, уште пред неговата состојба да почне да се влошува, а наскоро толку би се влошила што веќе не би можел да биде кандидат за операција. Ако дошло до тоа, неговото име би било избришано од листата, а заедно со името и неговата последна надеж. Но тој ден Драган и неговото семејство примиле неверојатен дар - ново срце - нов живот.



Библијата ни зборува дека сите ние сме во уште побезнадежна положба од Драган, бидејќи во прашање е нешто поважно од самиот живот. Ние заслуживме вечна смрт „зашто плата за гревот е смртта“ (Римјаните 6,23) и „сите /ние/ згрешивме и ја изгубивме Божјата слава“ (Римјаните 3,23).

Грчките зборови преведени како „згрешивме“, укажуваат на постојано дејство - ние продолжуваме да грешиме. Гревот не се однесува само на сто-

рените дела, туку на целокупната природа на нашето постоење.

Кога сè е во ред, лесно е да се убедиш себеси дека тоа не е баш така; дека ние во суштина сме добри луѓе – несовршени, секако – но сепак, не толку зли. Но, тогаш нашиот сосед добива унапредување и покачување на кое и ние сме се надевале, или ќе купи нов автомобил и ние откриваме завист во нашето



срце; или гледаме гламурозни модели или глумици и се прашуваме... ајде едноставно да признаеме дека зависта знае да затропа и на нашата врата. Можеби некој, во сообраќајот, со автомобил влегува пред нас, и ние толку многу ќе се разлутиме што самите себеси се изненадуваме. И колку поискрено го преиспитуваме својот живот, толку повеќе согледуваме дека ова е вистина.

Еден млад атеист и професор на Оксфорд вака го опишал своето искуство: „Првиот пат искрено се преиспитав себеси. И во таа прилика открив нешто што ме запрепасти: „Цела зоолошка градина на похоти, лудница од амбиции, градинка со стравови и

харем на негувани омрази“ (Ц.С. Луис, *Изненаден од радоста*). Ни се вели дека сиот тој грев произлегува од нашето грешно срце. „Добриот човек, од доброто сокровиште на своето срце, изнесува добро; а лошиот човек, од лошото сокровиште изнесува зло...“ (Лука 6,45). Вистина, нашето грешно срце ја скрива нашата грешност од нас самите, бидејќи „поизмамливо од сè е срцето, и е страшно болно, кој може да проникне во него?“ (Еремија 17,9)

И така сфаќаме дека и нашето срце, како Драгановото, е извор на нашите проблеми. И нема да оздравиме. Нема да ни помогне никаков режим или лечење – нашето дефектно срце мора да биде заменето со ново – или ќе умреме. Драган морал да биде запишан на листата и да чека. Никакви пари не можеле да му го обезбедат она што му требало. Ако никој не му дарувал срце, тој ќе умрел.



Во нашиот случај е слично, но Библијата има прекрасна веста за сите нас кои се наоѓаме во истата безнадежна положба. Таа ни вели дека тој дар ни е достапен: „Ќе ви да-

дам ново срце, и ќе вдахнам нов дух во вас! Ќе го извадам каменото срце од вашето тело и ќе ви дадам срце од месо“ (Езекил 36,26).

И што е уште подобро, нема листа на чекање! Оваа замена на срцето ни е достапна токму сега, а кога нашето срце ќе биде заменето, не само што ќе го продолжиме животот туку ќе уживаме во него со поинаков квалитет.

Сите во Драгановото семејство трепереле од повикот, бидејќи целата постапка вклучува сериозни ризици. Пред да се всади здравото срце, неговото срце мора да биде извадено. И кога операцијата ќе започне, нема враќање! Окупирани со такви мисли, Бојан и Лидија се разбудиле среде ноќ и заедно со Драган почнале да се подготвуваат за судбоносното патување во болницата. А таму, со поглед полн со надеж, го испратиле својот син, кого персоналот го одвел на болничкиот кревет во салата за операција.

И ние најпрво мораме да искусиме некој вид на смрт, токму како што Драган морал да им дозволи на хирурзите да го извадат неговото срце пред да му стават ново. На ист начин и ние мораме да се откажеме од нашето природно срце. Не можеме да се задоволиме со никакви половни решенија. Нам ни е потребна темелна промена, целосна замена на старото срце. Ништо помалку од тоа.

Родителите на Драган согледале дека истиот настан кој ним им донел нова надеж, ја згаснал надежта во некое друго семејство. Шансата на Драган за живот е добиена по цена на нечија смрт.

Нашата шанса за трансплантација на духовното срце, за спасение од гревот, за подобар живот овде и сега, и за вечен живот по овој, исто така е добиена по цена на нечиј живот - „Но Бог ја покажа својата љубов кон нас со тоа, што Христос умре за нас, додека уште бевме грешници" (Римјаните 5,8).



Да запомниме дека Христос умрел за нас не „кога сме биле достојни", или „кога сме го испочитувале Божјиот закон во целост", или „кога сме станале свесни за својата потреба за спасение", туку „додека уште бевме грешници".

Срцето на Драган без операција би станувало сè послабо. Таа негова очајна потреба за ново срце направила да стане кандидат за трансплантација. И секако, морал да зависи од некого кој ќе му подари здраво срце. Немало срца на продажба, но и да

имало, тој и неговото семејство не би имале можности да го купат. Исто е и со спасението: „зашто смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е - вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ" (Римјаните 6,23).

Гледаме дека токму овој стих, кој нè предупредува дека сме заслужиле смрт, исто така ни зборува и дека животот ни е даден како дар.



Нема поголем и повреден дар! И нема потреба да се пријавуваме на листата, не мораме да чекаме за срце. Можеме да го имаме тука и сега, само треба да го побараме. Видовме кои чекори треба да ги преземеме. Едноставно, препознај ја својата потреба, признај дека ти е потребно тоа ново срце и побарај од Бога да ти го даде. Не постои магична формула или некои посебни зборови, едноставно побарај.

Операцијата на Драган поминала добро. Не само што добил ново срце туку и нов живот. Но тој морал да учи како да го живее тој нов живот. Кога ние ќе примиме ново срце, и ние треба да учиме како да живееме во тој нов живот. Бог ни ја дал црквата - заедница на оние кои исто така примиле ново срце - да ни помогне во тоа. Уживај во тој дар!




Порачајте на: (**071) 569 076,** (02) **20 30 777** или на:

*www.***znacinavremeto***.mk*